**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ**

ООУ„КИРИЛ ПЕЈЧИНОВИЌ“ - СКОПЈЕ КИСЕЛА ВОДА

**за период од 2026 до 2030 година**




август, 2026 година

**Развојна програма за работа на ООУ„Кирил Пејчиновиќ“- Кисела Вода, Скопје**

**Преамбула**

Врз основа на Законот за основното образование - Консолидиран текст („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25), односно:

**Член 49**
(1) Основното училиште изготвува Развојна програма за работа (во натамошниот текст: Развојна програма).
(2) Со Развојната програма се планираат целите и визијата за развој на училиштето во период од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи, како и стручните документи и упатства утврдени од надлежните институции.

Врз основа на **Правилникот за формата и содржината на развојната** и годишната програма за работа на основното училиште **бр. 08-3714/3 од 29.05.2024** година, донесен од министерот за образование и наука, односно:

**Член 1**
Со овој правилник се утврдува формата и содржината на Развојната и годишната програма за работа на основното училиште.

**Член 2**
Развојната програма за работа на основното училиште претставува документ со кој се планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следење и евалуација на Развојната програма за работа на основното училиште за период од четири години, со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.

Развојната програма за работа на училиштето се изработува согласно важечките законски и подзаконски прописи, стратешките документи на Министерството за образование и наука, концепциските определби за основното образование, насоките на Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат, како и потребите и приоритетите на училиштето и локалната заедница.

**Развојна програма за работа на ООУ„Кирил Пејчиновиќ“- Кисела Вода, Скопје**

| **Развојна програма на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ - Скопје |
| Адреса | ул. „Пушкинова“ бр. 17, Кисела Вода, Скопје |
| Телефон, е-пошта | (02) 2776643<br>kirilpejcinovicsk@yahoo.com<br>kirilpejcinovicsk@gmail.com |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | 2026-2030 |
| Број на ученици во училиштето | 945 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | доц. д-р Горанчо Јакимов |
| Потпис | |
| Датум | 29.06.2026 год. |
| **Одобрување од УО** | Заменик претседател на УО |
| Име и презиме | Дени Петковски |
| Потпис | |
| Датум | 29.06.2026 год. |

## Содржина

1. **Податоци за основното училиште**
1.1. Идентификациски податоци за училиштето
1.2. Историјат на основното училиште

2. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

3. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ-анализа)**

4. **Мисија и визија на основното училиште**

5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

6. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

7. **Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето**

8. **Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**

**Развојна програма за работа на ООУ„Кирил Пејчиновиќ“- Кисела Вода, Скопје**

## 1. Податоци за основното училиште

### 1.1. Идентификациски податоци за основното училиште

| **Податоци** | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ ,,Кирил Пејчиновиќ“ |
| Адреса | ул. Пушкинова бр. 17, Кисела Вода, Скопје |
| Телефон | (02) 2776643 |
| Место, општина | Скопје, Кисела Вода |
| Веб-страница | https://www.kirilpejcinovic.edu.mk |
| Е-пошта | kirilpejcinovicsk@yahoo.com kirilpejcinovicsk@gmail.com |
| Ден на училиштето | 21 март |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 4843 м2 |
| Училишен двор (m2) | 2675 м2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | / |
| Капацитет на училиштето (максимален број ученици) | / |
| Број на ученици (моментална состојба) | 945 |
| Број на паралелки | 38 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | Не |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | Две смени / една смена |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | Не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Не |
| Други идентификациски податоци карактеристични за основното училиште | / |

## 1.2. Историјат на основното училиште

Општинското основно училиште „Кирил Пејчиновиќ“ - Скопје претставува современа воспитно-образовна установа со богата традиција, препознатлива по квалитетната настава, професионалниот кадар, воспитните вредности и континуираниот развој. Училиштето го носи името на македонскиот просветител, духовник и преродбеник Кирил Пејчиновиќ, значајна личност во македонската културна и просветна историја, кој заедно со Јоаким Крчовски претставува мост помеѓу средновековната и современата македонска книжевност и просветителска дејност.

Почетоците на училиштето датираат од периодот непосредно по ослободувањето на Скопје, кога во 1944 година е формирано првото училиште што го носело името „Кирил Пејчиновиќ“. Според историските податоци, воспитно-образовна дејност на ова подрачје се реализирала уште од 1937 година. Во 1972 година е изградена новата современа училишна зграда во населбата Кисела Вода, со што се создадени услови за организирање современ воспитно-образовен процес. Училиштето било опремено со светли и функционални училници, предметни кабинети, фискултурна сала, библиотека со читална, простории за дневен престој, сала за приредби, кујна и трпезарија.

Во учебната 1972/73 година наставата започнала со 902 ученици распоредени во 27 паралелки. Прв директор на училиштето бил Крсто Јовановски, кој успешно раководел до 1986 година. Во понатамошниот развој, училиштето било управувано од повеќе директори кои со својата работа дале значаен придонес во унапредувањето на воспитно-образовниот процес. Тековно низ годините со училиштето управувале следниве директори: Атанас Димитров, Драгослав Булатов, Цветанка Бошњак, Лепа Шекерова, Даница Нонкоска, Ленче Манева, Тони Илиев, Сашо Јованоски, Борче Миревски, а од 01 мај 2025 директор на училиштето е доц. д-р. Горанчо Јакимов.

Училиштето е верифицирано со акт бр. 15-1990/1 од 03.12.1985 година и акт бр. 10-4291/3 од 1999 година издаден од Министерството за образование и наука.

ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ се наоѓа во Општина Кисела Вода - Скопје, на поволна и пристапна локација, во близина на значајни институции и административни центри. Училиштето располага со современа инфраструктура, уреден училишен двор и спортски терени, а континуирано инвестира во подобрување на просторните услови, дигитализацијата и набавката на современи наставни средства и помагала.

Во училиштето работи стручен, компетентен и високообразован наставен кадар, како и комплетна стручна служба составена од педагог, психолог, дефектолог и библиотекар. Посебно внимание се посветува на професионалниот развој на вработените, примената на современи наставни методи и создавањето инклузивна, безбедна и поттикнувачка средина за учење.

Училиштето активно учествува во национални и меѓународни проекти и истражувања, меѓу кои ТИМСС и ПИРЛС, како и во Проектот за меѓуетничка интеграција во

образованието. Исто така, училиштето е вклучено во Еразмус+ програмата, преку која се овозможува размена на искуства, унапредување на наставните практики и соработка со училишта од други европски земји. Во соработка со Црвениот крст на Република Северна Македонија и други институции, редовно се реализираат хуманитарни акции и активности за развивање на хуманоста, солидарноста и општествената одговорност кај учениците.

Учениците на училиштето континуирано учествуваат и постигнуваат значајни успеси на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари, конкурси и манифестации, освојувајќи бројни награди, признанија и пофалници. Наставниците и стручните соработници активно се вклучени во проекти, обуки, иницијативи и работни групи на локално и државно ниво, со што придонесуваат кон унапредување на воспитно-образовниот систем и афирмација на училиштето.

Низ децениите, ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ – Кисела Вода, Скопје континуирано расте и се развива, следејќи ги современите образовни текови и потребите на учениците и заедницата. Преку јасно утврдени критериуми и етички принципи во оценувањето, квалитетна настава и посветеност на сите вработени, училиштето успешно ја остварува својата мисија - создавање образовани, одговорни, креативни и хумани личности.

## 2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

(За секоја развојна цел во рамките на стратешката цел се означува степенот на реализација и образложение за реализираноста/нереализираноста на целта – причини и влијание врз чинителите)

| Стратешка цел | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Подобрување на квалитетот на наставата** | **1.1. Осовременување на кабинетите со потребни средства и помагала** | | ✓ | | Во текот на периодот делумно се реализираше осовременување на кабинетите преку набавка на наставни средства, помагала и опрема. Потребно е дополнително доопремување согласно потребите на наставата. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **1.2. Спроведување систем за идентификување и преземање мерки за работа со надарени и талентирани ученици** | | ✓ | | Се реализираат активности за препознавање и поддршка на надарени и талентирани ученици преку индивидуален пристап и вклучување во натпревари и проекти. Потребно е понатамошно унапредување и систематизирање на програмата за работа. |
| | **1.3. Континуирано усовршување на наставниот и стручниот кадар за подобрување на воспитно-образовниот процес** | ✓ | | | Наставниот и стручниот кадар континуирано учествуваа на обуки, семинари, вебинари и други форми на стручно усовршување со цел подобрување на квалитетот на наставата и воспитно-образовниот процес. |
| **2. Проширување и продлабочување на соработката со родителите, учениците, локалната самоуправа и другите институции** | **2.1. Поголема вклученост на родителите во училиштето** | ✓ | | | Родителите активно се вклучени во реализацијата на училишните активности, советодавни средби, работилници и настани, со што се подобри соработката меѓу училиштето и семејството. |
| **3. Подобрување на инфраструктурата на училиштето** | **3.1. Реновирање на дел од подните површини** | | ✓ | | Дел од подните површини во училиштето се реновирани и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | обновени, додека останатите активности се планирани за наредниот период согласно финансиските можности. |
| | **3.2. Реконструкција на преостанатите санитарни јазли** | ✓ | | | Извршена е реконструкција и санација на санитарните јазли со што значително се подобрија хигиенските и функционалните услови во училиштето. |

## 3. Фактори што влијат на развојот на основното училиште (SWOT-анализа)

### SWOT-анализа

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| • Училиштето во целост ги реализира наставните планови и програми, како и проектите одобрени од МОН и БРО. | • Учениците не се доволно вклучени во планирањето и реализацијата на вонаставните активности. |
| • Училиштето е препознатливо во локалната средина по високите постигања на учениците и освоените награди и признанија на локално, државно и меѓународно ниво. | • Училиштето не располага со доволно асистивна технологија за поддршка на учениците со попреченост и потешкотии во учењето. |
| • Во училиштето се негува инклузивност, меѓусебна почит и грижа за здравјето, безбедноста и емоционалната благосостојба на учениците. | • Резултатите од државните тестирања и меѓународните оценувања недоволно се анализираат и користат за унапредување на наставниот процес. |
| • Стручната служба успешно реализира професионална ориентација и советување на учениците од деветто одделение. | • Потребно е дополнително унапредување на системот за идентификување и следење на надарените и талентирани ученици. |
| • Наставниците применуваат современи наставни методи, техники и интерактивни форми на работа. | • Недоволна активност и иницијативност на Ученичкиот парламент во областа на граѓанскиот активизам и хуманитарните активности. |
| • Континуирано се следи напредокот, редовноста и поведението на учениците, а родителите навремено се информираат. | • Потребно е подобрување на хигиенските услови во училиштето и обезбедување дополнителен кадар за одржување на хигиената. |
| • Наставниот кадар, стручната служба и | • Не се реализирани доволно обуки и стручно |

| | |
|---|---|
| директорот доследно ги применуваат протоколите за превенција и заштита од насилство. | усовршување за членовите на Училишниот одбор. |
| • Училиштето посветува внимание на менталното здравје и психосоцијалната поддршка на учениците. | • Потребно е дополнително унапредување на системот за интерна мотивација и професионална поддршка на наставниот кадар. |
| • Наставниците користат јасни критериуми и инструменти за следење и оценување на успехот на учениците. | • Библиотечната евиденција се води рачно и потребна е нејзина дигитализација. |
| • Учениците со потешкотии во учењето, учениците со попреченост, како и надарените и талентирани ученици добиваат соодветна поддршка преку индивидуализиран пристап, ИОП, модифицирана програна и дополнителна и додатна настава. | • Не е реализирана практична симулација за постапување при елементарни непогоди и други ризични ситуации. |
| • Родителите редовно добиваат насоки и совети за подобрување на успехот и поведението на учениците. | • Потребно е обновување и збогатување на библиотечниот и лектирниот фонд. |
| • Стручната служба континуирано реализира советодавна работа со ученици и родители. | • Потребно е дополнително уредување и хортикултурно унапредување на училишниот двор и надворешниот простор. |
| • Во училиштето постои позитивна работна клима и добра соработка помеѓу наставниците, учениците и родителите. | • Не постои воспоставена практика за редовно јавно информирање за одлуките и заклучоците на Училишниот одбор. |
| • Училиштето активно учествува на натпревари, проекти и активности организирани од локалната заедница и образовни институции. | • Потребно е поголемо користење на ИКТ технологија и дигитални алатки во наставата. |
| • Наставниот кадар покажува подготвеност за професионален развој и примена на иновативни пристапи во наставата. | • Недоволна вклученост на учениците во процесите на донесување одлуки поврзани со училишниот живот. |
| • Училиштето реализира еколошки, хуманитарни и општествено одговорни активности. | • Потреба од дополнително осовременување на наставните средства и ИКТ опремата. |
| • Се поттикнува активно учество на учениците во натпревари, проекти и јавни манифестации. | • Потребно е континуирано подобрување на просторните услови во одредени училници и кабинети. |
| • Училиштето остварува добра соработка со локалната самоуправа и локалната заедница. | • Недоволна мотивација кај дел од учениците за активно учество во наставниот процес. |

| **Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето** | **Закани, пречки (опасности) што призлегуваат од училиштето и неговото опкружување** |
|---|---|
| • Унапредување на промоцијата на училиштето преку веб-страница, социјални мрежи и други медиуми. | • Недоволна заинтересираност на дел од родителите за активна соработка со училиштето. |
| • Обезбедување поддршка од локалната самоуправа, бизнис секторот и невладиниот сектор за подобрување на условите за работа. | • Недоволна вклученост на дел од родителите во воспитно- образовниот процес и училишните активности. |
| • Воспоставување партнерства со други училишта и институции за реализација на заеднички проекти и активности. | • Недостаток на финансиски средства за целосна модернизација на инфраструктурата и наставните ресурси. |
| • Учество во домашни и меѓународни образовни | • Зголемено негативно влијание на |

| | |
|---|---|
| проекти и програми. | социјалните мрежи и несоодветни содржини врз учениците. |
| • Унапредување на дигитализацијата и користење современи ИКТ алатки во наставниот процес. | • Намалена мотивација кај дел од учениците за активно учество во наставата и училишните активности. |
| • Можност за обезбедување донации и спонзорства за подобрување на наставните средства и инфраструктурата. | • Миграција на населението и намалување на бројот на ученици. |
| • Поттикнување на поголема вклученост на родителите и локалната заедница во животот и работата на училиштето. | • Брзи промени во образовните политики и наставните програми кои бараат континуирана адаптација. |
| • Можност за аплицирање во Еразмус+ и други меѓународни образовни програми. | • Недоволна техничка опременост и застарена инфраструктура во одредени училници и кабинети. |
| • Развивање на дигитални компетенции кај учениците и наставниците преку современи образовни алатки. | • Зголемена изложеност на учениците на социјални ризици и негативни влијанија од интернет и социјалните мрежи. |
| • Продлабочување на соработката со родители преку работилници, трибини и заеднички активности. | • Намален интерес кај дел од учениците за учење, личен развој и активно вклучување во училишниот живот. |
| • Реализација на проекти за енергетска ефикасност и уредување на училишниот простор. | • Неповолни економски услови кои можат да влијаат врз реализацијата на планираните активности. |

## 4. Мисија и визија на основното училиште

**Мисија** - Сакаме да создадеме училиште во кое на учениците ќе им понудиме квалитетни знаења, услови за развивање на креативноста и истражувачкиот дух, стекнување на самостојност и самодоверба, меѓусебно почитување и изучување на културата на живеење на етникумите во Р.С. Македонија.

**Визија**- Лидер училиште со квалитетен наставен кадар и модерен пристап во образовниот процес. Со континуирано следење на светските трендови за усвојување на знаење и примена за современи техники и методи кои поттикнуваат критичко размислување кај учениците и употреба на дигитални алатки, преку споделување на искуства со сродни училишта од земјата и надвор и учество на меѓународни и локални проекти.

**Мото**- „Ја почитуваме и развиваме индивидуалноста на секое дете“

## 5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| **Стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар** | Континуираното стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар претставува значаен предуслов за подобрување на квалитетот на наставата и воспитно-образовниот процес. Преку следење на современите образовни трендови, методи и пристапи, наставниците ги унапредуваат своите професионални компетенции и создаваат услови за поквалитетна, поефикасна и поинклузивна настава. |
| **Подобрување на инфраструктурата на училиштето** | Подобрувањето на инфраструктурните услови придонесува за создавање безбедна, функционална и пријатна средина за работа и учење. Современите и уредени училници, санитарни јазли, училишен двор и останати просторни капацитети позитивно влијаат врз мотивацијата, благосостојбата и постигнувањата на учениците и вработените. |
| **Заедничко решавање на проблемите и поддршка на развојот на учениците** | Соработката помеѓу училиштето, родителите и локалната заедница е од особено значење за правилниот развој и напредок на учениците. Преку заедничко делување, навремено решавање на проблемите и обезбедување континуирана поддршка, се создава позитивна средина во која учениците се чувствуваат сигурно, мотивирано и охрабрено за постигнување подобри резултати во учењето и однесувањето. |

## 6. Дефинирани стратешки и развојни цели

| Приоритет/и | Стратешка цел |
|---|---|
| **Стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар** | Подобрување на квалитетот на наставата |
| **Заедничко решавање на проблемите и поддршка на развојот на учениците** | Проширување и продлабочување на соработката со родителите, учениците, локалната самоуправа и другите институции |
| **Подобрување на инфраструктурата на училиштето** | Подобрување на инфраструктурата на училиштето преку создавање безбедни, современи и функционални услови за работа и учење |

## Од стратешки цели кон развојни цели

| Стратешка цел | Развојни цели |
|---|---|
| **1. Подобрување на квалитетот на наставата** | • Осовременување на кабинетите со современи наставни средства и помагала.<br>• Воспоставување систем за идентификација и работа со надарени и талентирани ученици.<br>• Континуирано стручно усовршување на наставниот и стручниот кадар за унапредување на воспитно-образовниот процес. |
| **2. Проширување и продлабочување на соработката со родителите, учениците, локалната самоуправа и другите институции** | • Зголемување на вклученоста на родителите во училишниот живот и активностите на училиштето.<br>• Развивање партнерства и соработка со локалната самоуправа и други институции.<br>• Поттикнување на активно учество на учениците во училишните активности и процеси на одлучување. |
| **3. Подобрување на инфраструктурата на училиштето** | • Реновирање на дел од подните површини.<br>•Реконструкција на преостанатите санитарни јазли.<br>• Уредување и хортикултурно унапредување на училишниот двор.<br>• Одржување и подобрување на хигиенските услови во училиштето. |

## 7. Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: Подобрување на квалитетот на наставата**
**Развојна цел 1.1: Осовременување на кабинетите со потребни средства и помагала**

| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење** | **Инструменти / извори за следење** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Формирање комисија за увид во состојбата на кабинетите | Формирана комисија и утврдена методологија за работа | Директор, пописна комисија, стручни активи | Почеток на учебна година | Решење за формирање комисија | Директор, пописна комисија | Записници од комисија |
| Извршување на увид и анализа на состојбата | Утврдена состојба на опременост на кабинетите | Комисија за увид, наставници | 2026–2030 | Пописни листи | Комисија за следење | Извештаи, пописни листи |
| Изготвување план за набавка | Изготвен годишен план за осовременување | Комисија, стручна служба | 2026–2030 | Буџетски средства | Директор | План за набавки |
| Набавка и распределба на опрема | Осовременети и опремени кабинети | Директор, наставници | 2026–2030 | Финансиски средства, опрема | Комисија за следење | Фактури, фотодокументација |

## Развојна програма за работа на ООУ„Кирил Пејчиновиќ“- Кисела Вода, Скопје

**Развојна цел 1.2: Идентификација и работа со надарени и талентирани ученици**

| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка | Потребни ресурси | Тим за следење | Инструменти / извори за следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изготвување инструменти за идентификација | Изготвени инструменти за следење | Стручна служба, наставници | 2026–2030 | Тестови, компјутер | Директор, стручна служба | Обрасци, инструменти |
| Идентификација на ученици | Идентификувани надарени ученици | Стручна служба, наставници | 2026–2030 | Евиденции | Стручна служба | Записници |
| Вклучување во додатна настава и натпревари | Зголемени постигнувања | Наставници | 2026–2030 | Наставни материјали | Директор | Дипломи, извештаи |
| Следење на напредок | Индивидуален напредок | Наставници, стручна служба | 2026–2030 | Евиденција | Комисија | ИОП, МНП, извештаи |

**Развојна цел 1.3: Континуирано стручно усовршување на кадарот**

| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка | Потребни ресурси | Тим за следење | Инструменти / извори за следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Определување приоритети за обуки | Дефинирани потреби за усовршување | Наставници, стручна служба | 2026–2030 | Анкети | Тим за професионален развој | Анкети |
| Избор на обуки | Изготвен план за обуки | Тим за професионален развој | 2026–2030 | Планови | Директор | План за обуки |
| Реализација на обуки | Зголемени компетенции | Наставници | 2026–2030 | Финансии | Директор | Сертификати |
| Евалуација | Подобрена наставна практика | Стручна служба | 2026–2030 | Евалуации | Комисија | Извештаи |

**Развојна програма за работа на ООУ„Кирил Пејчиновиќ“- Кисела Вода, Скопје**

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: Проширување и продлабочување на соработката**
**Развојна цел 2.1: Зголемување на вклученоста на родителите**

| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка | Потребни ресурси | Тим за следење | Инструменти / извори за следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Организирање заеднички активности со родители | Зголемена соработка со родители | Директор, наставници, родители | 2026–2030 | Компјутер, смарт табла | Стручна служба | Извештаи, листи на присутност |
| Вклучување родители како учесници/предавачи | Активно учество на родители | Стручна служба | 2026–2030 | Наставни материјали | Директор | Записници, извештаи |
| Анализа на соработката | Подобрена комуникација | Наставници | 2026–2030 | Евиденции | Комисија | Извештаи |

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: Подобрување на инфраструктурата на училиштето**
**Развојна цел 3.1: Реновирање на подни површини**

| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка | Потребни ресурси | Тим за следење | Инструменти / извори за следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Проценка на оштетеност | Утврдена состојба на подовите | Директор, комисија, хаус мајстор | Почеток 2026–2030 | Пописни листи | Комисија за следење | Записници |

**Развојна цел 3.2: Реконструкција на санитарни јазли**

| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка | Потребни ресурси | Тим за следење | Инструменти / извори за следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Проценка на состојбата | Утврден степен на оштетеност | Директор, комисија | 2026–2030 | Извештаи | Комисија | Записници |

**Развојна цел 3.3: Уредување на училишниот двор**

| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка | Потребни ресурси | Тим за следење | Инструменти / извори за следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Анализа и проценка на двор | Уреден и функционален двор | Директор, комисија | 2026–2030 | Извештаи | Комисија | Записници |

**Развојна цел 3.4: Подобрување на хигиената**

| Активности | Индикатор и за успех | Реализатори | Временска рамка | Потребни ресурси | Тим за следење | Инструменти / извори за следење |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зголемување на хигиенски капацитети и средства | Подобрено ниво на хигиена | Директор, секретар, технички персонал | 2026–2030 | Средства за хигиена | Директор | Фактури, извештаи |
| Следење на хигиената | Континуира но одржување на чистота | Технички персонал | 2026–2030 | Работни листи | Комисија | Записници |

## 8. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

1. доц. д-р Горанчо Јакимов- директор
2. Велика Миленковска- стручен соработник: дефектолог (стручен соработник-ментор)
3. Весна Бошковска- одделенски наставник (наставник советник)
4. Марина Николовска Ристова- предметен наставник по англиски јазик
5. Фани Мечкарова Стевковска- претседател на Совет на родители
6. Сашка Аџулеска- претставник од локалната самоуправа
7. Ели Крстевска- ученички парламент

Заменик **претседател на УО:**
**Дени Петковски**

_________________________

**Директор:**
**М П** **доц. д-р Горанчо Јакимов**

**Јуни, 2026 год.**
_________________________